Република Северна Македонија
ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА
БАЊА БАНСКО СТРУМИЦА
Бр. 03-436/1
29.07 2021 год.
Струмица

# ЈУ ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА БАЊА БАНСКО

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ КОРУПЦИЈА - 2021

# Годишен план за спречување корупција - 2021

**ВОВЕД**

Корупцијата претставува особено комплексна социјална, политичка, економска појава која што произведува разни негативни форми во општеството.

Негативните ефекти од корупцијата се огромни, кои се среќаваат во сите свери на живеење како во јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор.

Коруптивното однесување ја поткопува довербата во институциите на системот, ефикасното користење на јавните ресурси и претставува закана за демократијата и остварувањето на човековите права поради ерозија на општествените вредности.

Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси на Република Северна Македонија корупцијата ја дефинира како „злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг".

Извештаите на Европската комисија за напредокот на Република Северна Македонија, евалуациите на ГРЕКО, како и извештаите на други релевантни организации континуирано укажуваат на неповолните состојби во справувањето со корупцијата. Таа е широко распространета во сите пори на општеството, што упатува на неопходноста од нејзино намалување, со стремеж кон нејзино искоренување.

Борбата против корупцијата не е едноставен процес, туку подразбира ангажман на целото општество и иницијативност на сите нивоа. Секој поединец има законска и морална обврска да се бори против корупцијата. Ова не значи само препознавање на корупцијата и воздржување од коруптивни дејствија, туку и пријавување случаи кога постојат сомнежи за корупција

Главен предизвик на ЈУ Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско ќе биде навремено детектиране и идентификација на ризиците од корупција и соодветно санкционирање насторителите.

Поаѓајќи од јасно изразената волја за справување со корупцијата ЈУ Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско за 2021 година која ја донесе следната

## АНТИКОРУПЦИСКА ПРОГРАМА

### 1.ЦЕЛИ НА СТРАТЕГИЈАТА

Стратегијата за интегритет и борба против корупцијата на установата има за цел јакнење на системот на превенција и репресија на корупцијата и судирот на интереси, дефинирање на правците за јакнење на капацитетите и независноста на

институцијата во спроведување на законските овластувања преку развој на концептот на интегритет.

Поимот интегритет подразбира законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работите со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата во која се вработени во неа.

Поимот интегритет во себе ги вклучува индивидуалниот и институционалниот интегритет.

Индивидуалниот интегритет подразбира личен однос кон прашањата на корупција,судирот на интереси, јавниот интерес и способност да се изгради отпорност како сопствен начин на работа и во донесување на одлуките, отчетност, професионалност и коректност во извршување на надлежностите утврдени со законите и со другите прописи.

Институционалниот интегритет значи „отпорност кон корупција" и подразбира воспоставен систем од политики, стандарди, механизми и процедури кои го намалуваат ризикот од коруптивно однесување од страна на вработените, а воедно ги мотивира кон чесен и професионален однос при извршување на службените должности.

**Под корупција се подразбира:**

- злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување корист, директно или преку посредник, за себе или за друг.
- **пасивна корупција** е намерно делување на службено лице, кое директно или преку посредник, бара или прима корист од каков било вид, за себе или за трето лице, или прифаќа ветување на ваква корист, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со своите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.
- **активна корупција** е намерно делување на кое било лице кое директно или преку посредник , ветува или дава корист од каков било вид на службено лице, за него или трето лице, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со неговите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.

**Корист** претставува остварување на секој вид материјална или нематеријална придобивка, погодност или предност за себе или за друг.

**Судир на интереси** подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.

## 2. ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

Антикорупциските активности во ЈУ Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско ќе се сведат на почитување на законската и подзаконскта регулатива и санкционирање на сите форми на корупција.

Имајќи го предвид наведеното Антикорупциската програма за 2021 година посебно внимание ќе посвети на:

- Етичко однесување на вработените,
- Јакнење на интегритетот на вработените,
- Обуки и професионален развој,
- Вработување, селекција и унапредување,
- Развивање на системи на само-проценка на високо ризични процеси,
- Зајакната контрола и надзор на јавните набавки,
- Зајакнување на меѓуинституционалната соработка во борба против корупцијата и криминалот.
- Транспарентност на ЈУ Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско

## 3. ЈАКНЕЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТОТ НА ВРАБОТЕНИТЕ

Установата контиунирано ќе работи на развојот на политики и системи со цел зајакнување на интегритетот на лично и институционално ниво, со цел одржување и развивање на довербата на јавноста.

Вработените во установата се должни да ги почитуваат и спроведуваат законските прописи, подзаконските акти, организационите инструкции и интерни документи, совесно, одговорно, стручно и непристрасно. За да ги почитуваат тие норми и самите да се стекнат со почит, вработените мораат постојано да се однесуваат етички. Само со професионално, законско и етичко постапување ќе се зајакне интегритетот на вработените, а со тоа и ќе се придонесе за отстранување на можноста за појава на корупција.

Установата ќе се стреми кон обезбедување на поддршка на нејзините вработени во извршување на професионалните задачи преку нејзиното раководство, кое активно ќе го промовира јакнењето на интегритетот.

Установата ќе спроведува политики за управување со човечки ресурси, кои нема да бидат насочени само кон раководење , туку и кон подобрување на вештините на вработените и ќе обезбедат квалитетна работна средина, која ги препознава, поддржува и вреднува работните напори на вработените. Како што се очекува висок стандард на работа и интегритет од вработените и тие повратно очекуваат високо ниво на интегритет на институцијата во спроведување на поврзани политики и процедури за човечки ресурси, кои мотивираат, даваат подршка и овозможуваат развој и надградба.

## 4. ОБУКИ И ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ

Континуираната обука на вработените ќе даде висок степен оспособеност на службениците и давателите на јавни услуги во извршувањето на работите и задачите, висок степен на иницијативност, професионалност, морал, етика и стручност во работата.

Обуките имаат голема улога во борбата против корупцијата и тоа на два начина:

- обезбедуваат структуриран професионален развој на вработените, при што се подобруваат нивните работни способности и можности и

- овозможуваат Установата да стане поефикасна во борбата против корупцијата.

## 5. ВРАБОТУВАЊЕ, СЕЛЕКЦИЈА И УНАПРЕДУВАЊЕ

Процесот на вработување, селекција и унапредување на вработените, мора да биде транспарентен, објективен и ослободен од притисоци или влијанија.

Во овој процес покрај користењето на алатки за идентификување на кандидатите кои поседуваат академско и професионално знаење, способности и соодветни компетенции, треба да вклучува и алатки за препознавање на високо ниво на чесност.

Вработувањето, селекцијата и унапредувањето во установата ќе се врши врз основа на работните способности, посебните знаења на кандидатите, при што посебно ќе се води сметка и за еднакво важните карактеристики како што се чесноста и личното однесување на вработениот.

За да се обезбеди постапките да бидат објективни и отпорни на притисоци, како и да се намалат можностите за непотизам и корупција, установата вработувањето и селекцијата ќе ги спроведува преку комисии, кои ќе бидат составени од членови од различни организациони единици во установата.

Оценувањето на работата на вработените треба да биде објективен процес, кој им овозможува на раководителите да ја оценат целокупната работна изведба и ангажман, да ги идентификуваат можностите за развој, да ги признае и награди најуспешните вработени и да придонесе за постигнување на целите на институцијата. Оценувањето на успешното работење може да обезбеди мотивација на вработените за постигнување на посакуваните карактеристики на работната изведба и однесување, а истовремено да ги охрабри да превземат одговорност за одржување на високо ново на личен и професионален интегритет.

## 6. РАЗВИВАЊЕ НА СИСТЕМИ НА САМО-ПРОЦЕНКА НА ВИСОКО РИЗИЧНИ ПРОЦЕСИ

Установата ќе го развива воспоставениот систем на проценка на ризик од појава на корупција во сите сегменти од своето работење. Изготвувањето на вакви проценки во голема мера ќе го стесни коруптивниот простор и ќе овозможи механизмите на надзор и контрола во работата да бидат поефикасни во превенирањето, но и во откривањето на случаите на корупција.

Внатрешната или надворешна слабост или постапка од било кој вид која претставува можност за појава на корупција во рамките на установата, ќе биде дел од анализите и процесот на управување со ризици од корупција, кои ќе ја зајакнуваат отпорноста на институцијата од овие појави.

Носители на постапката на управување со ризиците, проценка и идентификација на ризичните места подложни на корупција и натаму ќе бидат раководителите на организационите единици.

## 7. КОНТРОЛА И НАДЗОР НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

Изработка на годишни планови за јавни набавки, нивно спроведување и реализирање на договорите, сето тоа да се врши во согласност со Законите и подзаконските акти од областа на јавните набавки. Транспаретност и еднаквост на сите учесници во постапката. Јавно објавување на сите огласи, склучени и реализирани договори.

Јавно објавување и на веб страната на установата.

## 8.ЗАЈАКНУВАЊЕ НА МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНАТА СОРАБОТКА ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА И КРИМИНАЛОТ

Воспоставената меѓуинституционална соработка и унапредувањето на истата, претставува рамка низ која се изразува согласноста на органите на државната управа во спречување и откривање на појавните форми на корупцијата.

Можностите за коруптивно однесување ќе се намалат со унапредување на соработката на установата и другите органи на државната управа во борбата против корупцијата и криминалот воопшто.

Установата ќе остварува непосредна соработка со Јавното обвинителство и надлежната организациона единица во Министерството за внатрешни работи, особено во случаите кога основано се сомнева дека кривичните дела против службената должност се извршени од страна на вработени лица во установата.

Притоа ќе се залага за примена на посебни истражни мерки, а заради обезбедување на податоци и докази неопходни за успешно водење на кривичната постапка, кои на друг начин не можат да се соберат.

## 9. ТРАНСПАРЕТНОСТ НА УСТАНОВАТА

Активностите за подобрување на пристапот до информации треба да се насочат кон редовно ажурирање на веб страницата и тоа преку објавување на постигнати резултати и ефикасност во работењето, огласи, правилници,важни настани и други информации од интерес за јавноста.

## 10. ОБВРСКА ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА АНТИКОРУПЦИСКАТА ПРОГРАМА

ЈУ Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско и натаму ќе биде активен субјект во реализација на стратегии за превенција и репресија на корупцијата и ќе се залага за успешно и ефикасно остварување на утврдените активности. За таа цел установата ќе носи Програма и ќе се грижи за нејзино реализирање .

АКЦИСКИ ПЛАН ЗА АНТИКОРУПЦИЈА ЗА 2021 ГОДИНА ВО ЈУ ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА БАЊА БАНСКО

| Реден број. | Активност | Носител на активностите | Временски рок |
|---|---|---|---|
| 1. | Изработка на процедури за јавни набавки за сите процеси кои не се опфатени со Законот за јавни набавки и кои не се детално прецизирани, вклучувајќи го Годишниот план за јавни набавки | Административни службеници во Дел за администаративни работи и управување со човечки ресурси.(Комисија за јавни набавки) | Декември 2021 |
| 2. | Јавно објавување на сите интерни процедури на веб Страницата | Овластено лице од страна на директор. | Декември 2021 |
| 3. | Јавно објавување на веб страницата на установата Годишниот план за јавни набавки,склучени и реализирани договори. | Административен службеник во Дел за администаративни работи и управување со човечки ресурси | Декември 2021 |
| 4. | Јавно објавување на интерни огласи и унапредувања на веб страната на установата | Административен службеник во Дел за администаративни работи и управување со човечки ресурси | Декември 2021 |
| 5. | Јавно објавување на овластено лице за прием на пријави од укажувачи доставени за заштитено внатрешно влијание заради зајанување на довербата на лицата да пријават корупција | Административен службеник во Дел за администаративни работи и управување со човечки ресурси | Декември 2021 |
| 6. | Воспоставување на електронски регистар на сите | Административен службеник во Дел за администаративни работи и управување со | Декември 2021 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | работни места во јавните установи | човечки ресурси | |
| 7. | Потпишување на изјава за прифаќање и примена на Етичкиот кодекс на административните службеници | Директор | Декември 2021 |
| 8. | Обука на вработените за различен делокруг на работни активности. | Административенислужбеници и даватели на јавни услуги во ЈУ Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско | Декември 2021 |
| 9. | Континуирано следење и оценување на извршување на работните задачи | Дел за администаративни работи и управување со човечки ресурси Директор | Декември 2021 |

ЈУ-Завод за заштита и рехабилитација
Б.Банско

Изработил

Дипл.Правник Манчева Розите

Диртектор

Дипл.Дефектолог Стојанка Изова